МКТ_ГЕНЕРАЛ_АЛЛ
Бар код: 2015000144842

Каменимост Комуникации АД
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Македонија, тел: +389 2 3242 052

До: **Македонски Телеком АД – Скопје**
Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје

Г-дин Горан Торбаков
Претседавач на Собранието

Копија до:
- г-дин Панче Кралев, Претседател на Одборот на директори
- г-дин Андреас Маиерхофер, Главен извршен директор
- г-ѓа Славица Серафимовска, Секретаријат на Одборот на директори

30 ноември 2015 год.

Предмет: **Предлог за измена на статусот на двајца сегашни членови на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје**

Почитуван г-дин Торбаков,

Како резултат на планираниот избор на г-дин Петер Жом за нов ГИД на Каменимост Комуникации АД Скопје, мнозински акционер на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ) со што ќе биде засегната неговата позиција како Независен член на Одборот на директори (ОД) на МКТ, предлагам Собранието на МКТ, на својата следна седница којашто се предлага да се свика за 5 јануари 2016 година, да ја одобри измената на статусот на двајца сегашни членови на ОД на МКТ и тоа:

1. **Г-дин Атила Кесег**, сегашен Неизвршен член на ОД на МКТ од 1 април 2014 година, да биде избран за Независен член на ОД на МКТ со мандат почнувајќи од денот на одржување на седницата на Собранието.

2. **Г-дин Петер Жом**, сегашен Независен член на ОД на МКТ од 15 април 2015 година, да биде избран за Неизвршен член на ОД на МКТ со мандат почнувајќи од денот на одржување на седницата на Собранието.

Ажурираните биографии со податоци за членовите на ОД ќе бидат доставени до Секретаријатот на ОД и на тој начин ќе бидат достапни за акционерите на Друштвото.

Со почит,

Анамарија Мезеј
(потпис нечитлив)
Овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје

| МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ<br>Акционерско друштво за<br>електронски комуникации - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Примено | 30.11.2015 година | | |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 – | 292012/1 | | |

Преведено од Лингва Експерт